Рев.бр.697/08

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА во совет составен од судиите: [redacted] - претседател на советот, [redacted], [redacted], [redacted] и [redacted] - членови на советот, во правната работа на тужителите [redacted] од Струмица против тужениот Република Македонија, за надомест на штета, вредност на спорот 1.843.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужителот изјавена преку полномошник [redacted], адвокат од Струмица, против пресудата на Апелациониот суд Штип Гж.бр.2367/07 од 17.01.2008 година, на седницата одржана на ден 16.06.2009 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд во Струмица со пресуда П.бр.8/06 од 12.03.2007 година го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот да се задолжи тужената Република Македонија да му исплати на име нематеријална и материјална штета износ од 1.834.000,00 денари, од кои за претрпена нематеријална штета поради повреда на честа и угледот износ од 400.000,00 денари, за претрпен страв износ од 400.000,00 денари, за претрпен душевен бол лично од него и од страна на неговата фамилија износ од 800.000,00 денари како и износ од 243.000,00 денари на име материјална штета, со законска затезна камата сметано од денот на пресудувањето па до конечната исплата. Одбиено е како неосновано и барањето на тужителот да се задолжи тужениот да му ги надомести парничните трошоци во износ од 92.900,00 денари. Судот констатирал дека тужбата на тужителот против тужениот, за материјална штета во износ од 10.000 ДМ во денарска противвредност и износ од 500.000,00 денари се смета за повлечена.

Апелациониот суд Штип со пресуда Гж.бр. 2367/07 од .01.2008 година жалбата на тужителот ја одбил како неоснована, а пресудата на Основен суд Струмица П.бр.8.06 од 12.03.2007 година ја потврдил.

Против ваквата пресуда ревизија изјави тужителот поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиваната и првостепената пресуда да се преиначат на начин што

тужбеното барање на тужителот ќе се усвои во целост, или двете пресуди

ќе се укинат а предметот се врати на повторно судење пред првостепениот суд.

Врховниот суд на Република Македонија, по проучување на списите во предметот и наводите во ревизијата, испитувајќи ја побиваната одлука во смисла на одредбата од член 377 став 3 од Законот за парничнатак постапка, најде:

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е ревизискиот навод за сторена суштествена повреда од член 343 став 2 точка 13 од Законот за парничната постапка. По наоѓање на Врховниот суд на Република Македонија, побиваната и првостепената пресуда се јасни, разбирливи, со доволно образложени причини за решителните фактки кои произлегуваат од изведените докази, па истите во целост можат да бидат испитани.

Врховниот суд на Република Македонија исто така наоѓа дека пониските судови правилно го примениле материјалното право кога врз основа на правилно утврдени решителни факти го одбиле како неосновано тужбеното барање на тужителот за надомест на штета. Основ за такво одлучување судовите наоѓаат во одредбата од член 526 став 1 и член 530 став 1 точка 1 од Кривичниот закон („Службен весник на РМ" бр.15/97).

Според одредбата од член 526 став 1 од КЗ на РМ, право на надомест на штета поради неоправдана осуда има лицето спрема кое била изречена правосилна кривична самкција или кое е огласено за виновно а е ослободено од казната, а подоцна по повод вонреден правен лек новата постапка правосилно е запрена или со правосилна пресуда е ослободено од обвинението или обвинението е одбиено.

Според член 530 став 1 точка 1 од истиот закон, право на надомест на штета му припаѓа и на лицето кое било во притвор а не дошло до поведување на кривична постапка или постапката е запрена со правосилно решение, или со правосилна пресуда е ослободено од обвинението или обвинението е одбиено, или кое во притвор поминало подолго време отколку што трае казната затвор на која е осудено.

Во текот на постапката неспорно е утврдено дека со решение КО.бр.52/94 од 27.12.1994 година донесено од тогашниот Окружен суд во Штип било одредено да се спроведе истрага против тужителот заради основано сомневање дека сторил кривично дело - Проневера - по член 178 став 3 од КЗ на РМ, и со истото решение му е одреден притвор, меѓутоа бидејќи тужителот бил во бекство, истиот ден била издадена потерница која била доставена до УВР Струмица заради постапување по истата. Тужителот бил лишен од слобода и притворен во Холандија на

8.08.1995 година и во Холандија бил во притвор од 14.08.1995 година до 18.04.1996 година а потоа со решение Кс.бр.19/96 од 18.06.1996 година притворот му бил продолжен се до завршувањето на главниот претрес. По завршената истрага, со решение К.бр.316/96 од 17.07.1996 година, на тужителот му бил прекинат притворот со прифаќање на понудената гаранција.

Во текот на кривичната постапка против тужителот Основниот суд Струмица донел две кривични осудителни пресуди против тужителот. Со пресудата на Апелациониот суд во Штип КЖ.бр.213/04 од 29.04.2004 година по повод жалбата на тужителот а и по службена должност пресудата на Основниот суд Струмица К.бр.316/96 од 30.06.2003 година била преиначена и обвинетиот [redacted], согласно член 3 од КЗ наместо за кривично дело „Проневера“ од член 178 став 3 од КЗ на РМ за кое дело бил огласен за виновен од страна на првостепениот суд, бил огласен за виновен за кривичното дело „Затајуивање“ од член 239 став 4 во врска со став 1 од КЗ на РМ, па заради тоа, согласно член 341 став 1 точка 6 од ЗКП спрема обвинетиот - сега тужителот, обвинението било одбиено. Имено, во текот на 1997 година настапила измена на кривичното дело „проневера“, така да со новиот КЗ на РМ ова дело одговара на кривичното дело „Затајување“ од член 239 став 4 во врска со став 3 од КЗ на РМ, за кое е предвидена казна затвор од 1-една до 5-пет години. Во конкретниот случај, кривичниот суд го применил новиот закон, кој е поблаг за сторителот, поради што првостепената пресуда била преиначена на начин што обвинетиот бил огласен за виновен за кривично дело „Затајување“ од член 239 став 4 во врска со став 1 од КЗ и воедно донел пресуда со која обвинението спрема тужителот се одбива поради застареност на кривичното гонење, а согласно член 347 став 1 точка 6 од ЗКП.

Согласно одредбата од член 530 став 3 од Законот за кривичната постапка, надомест на штета не му припаѓа на лицето кое со свои недозволени постапки причинило лишување од слобода.

Имајќи ги во предвид овие неспорно утврдени решителни факти, Врховниот суд на Република Македонија се согласува со заклучокот на пониските судови дека во кокнкретниот случај не се исполнети условите од Законот за кривичната постапка за да на тужителот му се надомести претрпената штета. Имено, согласно одредбата од член 530 став 3 од Законот за кривичната постапка, надомест на штета не му припаѓа на лицето кое со свои недозволени постапки причинило лишување од слобода. Во конкретниот случај, бидејки тужителот во текот на истражната постапка не бил достапен на истражните органи, односно истиот бил во бекство, против него била издадена меѓународна потерница. Кога тужителот бил пронајден во Холандија, истиот бил лишен од слобода и притворен во периодот од 14.08.1995 до 18.04.1996 година. Потоа, истражната постапка против тужителот продолжила а поради неговото претходно однесување и недостапност до истражните органи, било определено притворот да продолжи се до завршувањето на

главниот претрес. Меѓутоа, по завршената истрага прифатена е предложената гаранција а притворот е прекинат.

Поради ова, Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека во конкретниот случај на страната на тужениот нема вина ниту одговорност за штетата која што ја претрпел тужителот, односно нема незаконито постапување на државните органи, бидејќи тужителот со недозволено однесување, односно со бегство во друга држава самиот се довел во ситуација таква штета да му биде причинета.

Имајќи го во предвид напред наведеното, Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека се неосновани ревизиските наводи за погрешна примена на материјалното право поради што следуваше, согласно член 384 од Законот за парничната постапка ревизијата да се одбие како неоснована.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 16.04.2009 година под Рев. бр.697/08.

Претседател на советот- судија
[redacted]

с.р.

За точноста на отправокот т в р д и: Секретар

ЈБ